


***Во ова продолжение за читателите на порталот „Македонска нација“ ќе ги претста виме имињата, зборовите, изразите, називите,***
**лексикографските термини**
***...кои се во „Библискиот речник“: од Јовановите посланија во кои е даден текст за проповедникот и пророкот, роден во ридестата област на Јудеја - Јован Крстител до Јуј, односно Јахве војсководач кој станал цар на Израел***

**Јованови посланија - Јован Крстител** - проповедник и пророк, роден во ридестата област на Јудеја. Неговиот татко Захарија бил свештеник, а мајката Елисавета и била роднина на Марија, мајката на Исус. Јован проповедал во пустината покајување и крштевање со покајување, зашто се приближило доаѓањето на ветениот Месија. Го

крстил и Исус во водите на Јордан (Мт 3,13-17). Ирод Антипа го уапсил и го фрлил во темница зашто го критикувал неговиот развратен живот со жената на брат му

,

која станала негова жена уште за животот на мажот ѝ. Му била отсечена главата после гозбата на која Ирод толку се воодушевил од играта на Салома, ќерката на Иродијада, што невнимателно и понудил исполнување на било која желба. И таа ја побарала главата на Јован Крстител по наговор на мајка си (Мт 14,1-12). Некои од неговите ученици подоцна му се придружиле на Христос (Лк1-3).

**Јована** - жена на надзорникот на Иродовото домаќинство во Ерусалим. Станала следбеничка Христова и била една од жените што го нашле празниот гроб (Лк 8,3).



**Јодај** - *Јахве знае,* првосвештеник во храмот за време на владеењето на Охозија, Готолија и Јоаз (4 Цар **11).**

**Јоил** - *Јахве е Бог,* еден од малите пророци, син на Петуел. Ги опишал опасностите што го демнат Јудејскиот народ и го преколнувал да се отклони од својата грешност. Ветувал Божји благослов и навестувал дека Јудејското царство сите маки докрај ќе ги поднесе.

**Јом Кипур** - в. Ден на очистување.

**Јона** - *гулаб,* Книга на пророкот Јона, од СЗ, напишана околу 400 г.пр.И.Х. Не содржи пророштва, туку ги напаѓа Евреите заради тесноградост. Целта на книгата е да покаже дека Бог се грижи за сите народи. Тридневниот престој на Јона во утробата на рибата, односно китот е праслика на тридневниот престој на Христос во гробот.

**Јонатан** - *Јахве даде,* 1) левит, потомок на Мојсеј. Основал свештеничко семејство. а Дањаните го заробиле на Гората Ефремова{Суд 17,7); 2) синот на Саул и голем пријател на Давид (1 Цар 18). Неговото убиство Давид го оплакува преку врвните стихови на еврејската поезија (2Цар1,19-27). Јонатан бил племенит, скромен, храбар и лојален (1 Цар31, 8-13;2Цар21,12-14).

**Јонатан Макавеецот** - предводник на Хасмонеите во востанието против Сирија (160-142 г.пр.И.Х.). Го зазел Ерусалим и станал првосвештеник и намесник на Јудеја. Бил убиен во Гал **ад.**

**Јопа** - *убава;* пристаниште во Јудеја, каде се истоварувало градежно дрво кога се градел храмот. Таму Јона се качил на брод за Тарс. Во Јопа апостолот Павле го вратил во живот Тавит (Дап 9,36-41). Денешното име на градот е Јафа и се наоѓа на периферијата на Тел Авив (2 Лт 2,16).

**Јордан** - *кој се спушта,* или пак голема река, тече на 220 км на север од планината Хеврон, протекува низ Генисаретското Езеро и се влева во Мртвото Море. Протекува низ најголемата депресија на Земјата, Галилејско-то Езеро е 215 м под иултата надморска височина, а северниот дел на Мртвото Море е на 397 м. Многу настани опишани во СЗ се

одвивале на бреговите на таа река, неа ја преминале Евреите при освојувањето на Ветената земја (ИН 1-4). Јован Крстител таму проповедал и во неа Го крстил Исус Христос (Мт 3,13-17).

**Јосафат** - *Јахве пресуди,* четвртиот цар на престолот на Јудеја после поделбата на Соломоновото царство. Владеел 24 години, од 873 до 849 г.пр.И.Х. Ги обединил Јудеја и Израел преку бракот на својот син Јорам со ќерката на израелскиот цар Ахав. Неговото владеење довело до напредок во земјата, извел и реформа на религијатаи Законот (4Цар17-20).

**Јосафатова долина** - според пророркот Јоил 3,2.12 рамницата на која ќе се одвива последниот Божји суд над непријателите. Од 4 в. со тоа име Евреите, христијаните и муслиманите ја нарекуваат долината Кедрон и таму ги погребуваат мртвите.

**Јосија** - *Јахвенекаисцели,* 1) цар на Јудеја, се зацарил на осум години, по убиството на неговиот татко и владеел 31 година, од околу 640 до 609 г.пр.И.Х. За време на неговото владеење во 631 г.пр.И.Х. во храмот е пронајдена Книгата на законот, и врз основа на неа Јосија извршил реформа на законодавството и религијата во својата земја. Убиен е во Мегидо во борбата со Египќаните (4 Цар 22-23; 2 Лт33-35); 2) братот Христов, понекогаш се нарекува и Јосиф (Мт 13,55). Според некои, бил син на Марија, Клеоповата жена.

**Јосиф** - *нека Јахве придодаде,* 1) патријарх, синот на Јаков и Рахила. Бил продаден како роб во Египет. Станал пехарник на високиот египетски жрец Потифар, паднал во затвор поради лажна оптужба, но по толкувањето на сонот на фараонот поставен е за заповедник. Ја спасил земјата од глад, а на браќата и татка си им помогнал кога дошле од Палестина во Египет по храна (1 Мој 37-50); 2) мажот на Марија, мајката на Христос, по потекло од Давидовиот дом. Бил дрводелец од Назарет. Најверојатно умрел пред започнувањето на јавното делување на Исус (Лк 3). 3) Јосиф од Ариматеја, богат Евреин и член на Синедрмонот, Бил таен Христов ученик; по Неговата смрт го замолил Пилат да му дозволи да го погребе. Го погребал во својата гробница (Мк 15,43-6); 4) Јосиф Варсава, со прекар Јуст, еден од двата следбеници Христови кои претендирале на местото на Јуда како апостол, по неговото самоубиство. За апостол бил избран Матиј, другиот кандидат.

**Јота** - најмалата буква во античката грчка азбука. Христос вели дека ниедна јота од Законот нема да нестане додека не се случи се што е напишано (Мт5,18).

**Јотам** - *Јахве се покажа,* цар Јудејски, пред да се зацари владеел заедно со својот лепрозен татко Азарија (4 Цар 15,5). Не стапил во сојуз против Асирија зедно со Северното царство и тие го нападнале.

**Јотор (Јитро)** - мидијански свештеник, пастир, кај кого Мојсеј се засолнил по бекството од Египет. Подоцна се оженил со неговата ќерка Сепфора. После четириесет години поминати кај Јотор, Мојсеј бил повикан од Бога да го поведе Израел од ропството во Мисир (2 Мој 2).

**Јубилејна година** - или уште се нарекува и проштална; најверојатно името потекнува од

еврејскиот израз Јобел - знак за тревога. Но точното значење на изразот не е јасно. Секоја педесетта година е славена како Јубилејна година. Годината била објавувана со звукот на трубата на десеттиот ден од седмиот месец, тишрија. Таа година земјата не се обработувала, се ослободувале сите затекнати робови и секој имот земен под закуп се враќал на неговиот прв стопан. Прописите како да се постапува во прошталната година се наведени воЗ Мој 25,8-16 и 23-55. в. Празници.

**Јувал** - син Ламехов и Адин, според преданието автор на музиката која номадските племиња ја изведувале на лира и кавал (1 Мој 4,21).


Map of Ancient Judea
SAMARIA
Antipatris
Jaffa
Arimathea
Bethel
Ephraim
Emmaus
Jericho
Ashdod
Shephelah
Jerusalem
Ein Karem
Qumran
Beth Shemesh
Mediterranean Sea
Ashkelon
Bethlehem
Philistia
Adullam
Lachish
Gaza
Hebron
Dead Sea
JUDEA
En Gedi
Masada
Beer-Sheba
NEGEB DESERT
ConformingToJesus.com

[illegible]



**ПЕТКО ЗЛАТЕСКИ И**



**СЛАВЕ КАТИН**